| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како да се заштитам од опасности |
| **Содржина на денот** | „Зеленчук" – печатење со природен материјал |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | М-р Сања Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговарајте со Вашето дете за хигиената на храната. Вклучете го детето во миење и подготовка на храната. |
| **Активности** | Денот може да започне во заедничка набавка со Вашето дете до најблискиот пазар. Набавете зеленчук по избор на детето. Започнете разговор со Вашето дете и поттикнете го да размислува за тоа како неговото здравје зависи од храната што ја внесува.<br>- Што треба да знае за храната за да биде здраво?<br>- Каква храна треба да јаде за да бидат здраво?<br>Понудете му на детето избор на здрава храна. Препознавајте и правилно именувајте ги зеленчуковите плодови кои Вашето дете претходно ги избрало. Додека ги разгледувате и подготвувате зеленчуковите плодови, разговарајте со детето за „супермоќите" кои ги има морковот, брокулата, компирот. Истакнете дека овој ден е Светски ден на здравата храна.<br>Во пластични чинии ставете темперна боја соодветна со зеленчуковите плодови кои ги имате. Пресечете по едно од нив и на лист од блок печатете во претходно подготвена контура за зеленчук. Во текот на целата активност разговарајте за значењето на редовно внесување на зеленчук за здравјето на целото семејство. Направете вкусен зеленчуков оброк за Вас и Вашето дете.<br>За крај можете да ја научите стихотворбата „Зеленчук". |